РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА

Врз основа на точка 2 од дел V од Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2019 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 15/2019) и врз основа на точка 4 дел II од Програмата за изменување и дополнување на Програмата за промоција на обновливи извори на енергија и поттикнување на енергетска ефикасност во домаќинствата за 2019 година ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 189/2019), Министерството за економија

**објавува**

**ЈАВЕН ОГЛАС**

**за надоместување на дел од трошоците за купување печки на пелети во домаќинства за 2019 година**

**1. Опис на јавниот оглас**

1.1 Со цел стимулирање на домаќинствата за користење на обновливи извори на енергија за затоплување на своите домови, кои минимално ги загадуваат воздухот и почвата и не влијаат врз климатските промени, на жителите кои ќе купат печки на пелети, Министерството за економија ќе им обезбеди поврат на средства во висина од 50%, но не повеќе од 25.000 денари, се до искористување на предвидените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за оваа намена, под услов купувачите досега да не користеле средства од Буџетот на Република Северна Македонијаза купување печки на пелети во својот дом.

1.2 Право на учество на овој јавен оглас ќе имаат лицата со ниски примања (во натамошниот текст: ранливи потрошувачи) кои треба да се вработени или едниот брачен другар да е вработен и нивните месечни примања во семејството да не го надминуваат нето приходот од 30.000,00 денари и да имаат купено во своите домови печки на пелети по денот на објавување на Јавниот оглас.

1.3 Право на учество на овој јавен оглас ќе имаат и купувачите кои не спаѓаат во категоријата ранливи потрошувачи, а кои имаат купено печки на пелети во своите домови во периодот од 1 јануари 2019 година до завршување на Јавниот оглас.

1.4 Како ден на завршување на Јавниот оглас се смета триесетиот ден, по денот на објавувањето.

I

## 2. Барање за искористување на правото на надоместок за ранливи потрошувачи

2.1 Право на учество на овој јавен оглас ќе имаат купувачите кои имаат купено печки на пелети во своите домови по денот на објавување на овој јавен оглас, а најдоцна до завршување на Јавниот оглас и кои ќе поднесат Образец за барање за искористување на правото на надоместок.

2.2 За надоместување на дел од трошоците и докажување дека условите од дел 1.2 на овој оглас се исполнети, ранливиот потрошувач до Министерството за економија задолжително ги доставува следните документи:

1. пополнет образец за барање кој може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на министерството: www.economy.gov.mk;

2. доказ во оригинал дека е извршено купувањето на печки на пелети, и тоа:

- фискална сметка или
- фактура со извод од деловна банка (со датум по денот на објавување на Јавниот оглас)

3. изјава заверена на нотар по денот на објавување на Јавниот оглас (образецот на изјавата ќе може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на министерството: www.economy.gov.mk);

4. потврда од работодавецот за висината на исплатена плата и извод од банка за последните три (3) месеци за подносителот и на членовите на потесното семејство (доколку се вработени);

5. потврда од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија со која се докажува дека членовите на потесното семејство не се вработени, доколку истите не се вработени;

6. доказ за членовите на потесното семејство на барателот (извод од венчани, потврда за развод или посмртница за член од семејството);

2.3 Кон барањето потребно е барателот да ја достави и следната документација:

- фотокопија од лична карта на барателот и
- податоци за трансакциската сметка на барателот.

2.4 Барањето за искористување на правото на надоместок на дел од трошоците, заедно со потребната документација, по пошта ќе го достават во ЗАТВОРЕН ПЛИК до Министерство за економија на адреса „Јуриј Гагарин“ бр.15, 1000 Скопје, со назнака – „РАНЛИВ ПОТРОШУВАЧ“, ИМЕ И ПРЕЗИМЕ И АДРЕСА НА БАРАТЕЛОТ. За датум на пристигање на барањето се смета датумот на пристигнување и заведување во евиденцијата на архивата на Министерството за економија најдоцна до 15:30 часот истиот работен ден.

Доколку ранливиот потрошувач достави доказ во оригинал за направените трошоци за купена печка на пелети (фискална сметка или фактура со извод од деловна банка по денот на објавување на Јавниот оглас), истите ќе му бидат

земени во предвид при утврдување на надоместокот на дел од трошоците за купување на печки на пелети во домаќинствата.
Едно лице може да поднесе само едно барање за добивање на надоместок по овој основ.
Доделувањето на надоместокот ќе се врши по принципот „прв дојден прв услужен".
2.5 Министерството за економија го задржува правото да изврши посета во домаќинствата на ранливите потрошувачи кои ќе поднесат барање.

II

**Барање за искористување на правото на надоместок за купувачи кои не спаѓаат во категоријата ранливи потрошувачи**

3 Право на учество на овој јавен оглас ќе имаат купувачите кои имаат купено печки на пелети во своите домови во периодот од 1 јануари 2019 година до денот на завршување на Јавниот оглас и кои ќе поднесат Образец за барање за искористување на правото на надоместок, по денот на објавување на Јавниот оглас

3.1 За надоместување на дел од трошоците и докажување дека условите од точка 1.3 на овој оглас се исполнети, барателот до Министерството за економија задолжително ги доставува следните документи:

1. пополнет образец за барање кој може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на министерството: www.economy.gov.mk.
2. доказ во оригинал дека е извршено купувањето на печки на пелети, и тоа:
- фискална сметка, или
- фактура со извод од деловна банка (со датум од 1 јануари 2019 година до завршување на Јавниот оглас)
3. изјава заверена на нотар по денот на објавување на Јавниот оглас (образецот на изјавата ќе може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на министерството: www.economy.gov.mk.

Доколку купувачот достави доказ во оригинал за направените трошоци за купена печка на пелети (фискална сметка или фактура со извод од деловна банка со датум од 1 јануари 2019 година до завршување на Јавниот оглас), истите ќе му бидат земени во предвид при утврдување на надоместокот на дел од трошоците за купување на печки на пелети во домаќинствата.
Едно лице може да поднесе само едно барање за добивање на надоместок.
Доделувањето на надоместокот ќе се врши по принципот „прв дојден прв услужен".
3.2 Кон барањето потребно е барателот да ја достави и следната документација:

- фотокопија од лична карта на барателот и

- податоци за трансакциската сметка на барателот.

3.3 Купувачот на печка на пелети во домаќинството, барањето за искористување на правото на надоместок на дел од трошоците, заедно со потребната документација, треба да го достави во ЗАТВОРЕН ПЛИК до Министерство за економија на адреса „Јуриј Гагарин“ бр.15 по пошта, или во архивата на министерството, секој работен ден од 9:30 до 15:00 часот.

3.4 На пликот треба да стои: ЈАВЕН ОГЛАС ЗА НАДОМЕСТУВАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ ЗА КУПУВАЊЕ ПЕЧКИ НА ПЕЛЕТИ ВО ДОМАЌИНСТВАТА ЗА 2019 ГОДИНА, ИМЕ И ПРЕЗИМЕ И АДРЕСА НА БАРАТЕЛОТ. За датум на пристигање на барањето се смета датумот на пристигнување и заведување во евиденцијата на архивата на Министерството за економија најдоцна до 15:30 часот истиот работен ден.

3.5 Министерството за економија го задржува правото да изврши посета во домаќинствата кои ќе поднесат барање.

**Начин на остварување на правото на надоместок**

4. За спроведување на активностите за реализација на мерката за надомесување на дел од трошоците за купување печки на пелети во домаќинствата за 2019 година, министерот за економија ќе формира Комисија која ќе биде составена од три члена и нивни заменици

5. Комисијата ќе има за цел да ја утврди исполнетоста на условите за надоместување на дел од трошоците за купување печки на пелети во домаќинствата за 2019 година од приложената документација и на министерот за економија ќе му предложи донесување на решенија за исплата на утврдениот надоместок.

6. Комисијата ќе ги разгледа пристигнатите барања поднесени заклучно со последниот ден наведен во јавниот оглас, заедно со потребната документација, и ќе го утврди точниот број на пристигнати уредни и комплетни барања, според принципот „прв дојден прв услужен“.

7. Ранливите потрошувачи и лицата кои имаат поднесено барање, а немаат уредна и комплетна документација нема да остварат надомест.

8. Исплатата на средствата за надоместување на дел од трошоците за купување печки на пелети во домаќинствата за 2019 година ќе се врши врз основа на донесено решение од министерот за економија, се до искористување на предвидените средства во Буџетот на Република Северна Македонија за оваа намена.

9. Листата на баратели кои го остваруваат правото на надомест ќе биде објавена на веб страната на Министерството за економија најдоцна до 31 декември 2019 година.